СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 602-3-291

Среда, 1 јуни 1966
БЕЛГРАД
БРОЈ 22 ГОД. XXII

Цена на овој број е 0,60 (60) дин. — Претплата за 1966 година изнесува 38 (3.800) дин. — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226 — Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671.

234.

Врз основа на членот 46 од Законот за општествената контрола на цените („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/62 и „Службен лист на СФРЈ", број 15/65 и 57/65), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ И ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ

Член 1

Во Уредбата за начинот за формирање на цените и за пресметување на разликата во цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/65, 36/65, 40/65, 50/65 и 11/66) по членот 6 се додава нов член 6а, кој гласи:

„Сојузниот завод за цени може по исклучок, според прописите за општествената контрола на цените, да одобри производителските стопански организации да можат за одделни индустриски производи да формираат свои продажни цени над нивото од чл. 2 и 3 на оваа уредба, а во согласност со движењата на цените на домашниот и странскиот пазар."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 45
26 мај 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

235.

Врз основа на членот 6 став 3 од Законот за употребата на средствата на федерацијата за инвестиции во стопанството во 1966 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 57/65), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ РАБОТИТЕ НА ИЗГРАДБАТА НА ДЕЛНИЦАТА ОД АВТОПАТОТ „БРАТСТВО-ЕДИНСТВО" НА ТЕРИТОРИЈАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

1. Средствата на федерацијата распоредени со Одлуката за распоредување на средствата за финансирање на инвестициите во областа на сообраќајот во 1966 година („Службен лист на СФРЈ", број 3/66) за работите на изградбата на автопатот „Братство-единство" на територијата на Социјалистичка Република Србија во износ од 13 милиони динари, ќе се употребат за финансирање на работите на изградбата на делницата од Бежаниска Коса во Нов Белград до Трг бранилаца Београда во Белград, и тоа за изградба на:

1) мост преку река Сава, без конструкции за бочни слезни рампи на левиот брег на Сава;

2) пристапна делница на автопатот од Бежаниска Коса во Нов Белград до мостот во должина од 4.975 m, со широчина на коловозот од 10,50 m;

3) сообраќаен јазол (котелец) во Нов Белград, на местото на крстосувањето на автопатот со Улицата Тошин бунар;

4) два надвозници на автопатот во Нов Белград.

2. Средствата од точката 1 на оваа одлука претставуваат учество на федерацијата од 85% од височината на вложувањата во 1966 година за објектите од таа точка.

Средствата од ставот 1 на оваа точка можат да се користат ако Социјалистичка Република Србија како свое учество го обезбеди остатокот од 15% од вкупните вложувања во 1966 година и ако се обврзе дека ќе обезбеди средства за покривање на пречекорувањето на вредноста на работите што се предвидуваат во таа година, ако дојде до тоа пречекорување.

3. Социјалистичка Република Србија, како инвеститор, може правата и должностите на инвеститор за инвестиционите работи што се финансираат од средствата од точката 1 на оваа одлука да ги пренесе врз државен орган или работна организација.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 44
26 мај 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

236.

Врз основа на членот 8 став 1 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/65), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАНИ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ЗА МЕЃУНАРОДЕН СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница се определуваат следните постојани гранични премини за меѓународен сообраќај:

1) лучки (поморски) гранични премини: Копер, Умаг, Пула, Раша, Ровињ, Риека, Бакар, Мали Лошињ, Сењ, Задар, Шибеник, Сплит, Плоче, Корчула, Дубровник, Херцег-Нови и Бар;

2) пристанишни (речни) гранични премини: Бездан, Вуковар, Нови Сад, Кањижа, Београд, Велико Градиште, Текија, Кладово и Прахово;

3) аеродромски гранични премини: Сурчин-Београд, Плесо-Загреб, Килипи-Дубровник, Голубовци-Титоград и Брники-Љубљана;

4) железнички гранични премини: Сежана, Репентабор и Нова Горица (спрема Италија); Марибор, Дравоград, Превалје и Јесенице (спрема Австрија); Коториба, Копривница, Бели Манастир, Суботица и Хоргош (спрема Унгарија); Кикинда и Вршац (спрема Романија); Димитровград (спрема Бугарија); Гевгелија и Кременица (спрема Грција);

5) друмски гранични премини: Шкофије, Козина, Фернетичи, Нова Горица, Робич, Предил и Ратече (спрема Италија); Радгона, Шентиљ, Вич, Холмец, Језерско, Љубељ-Љубељ Врх и Подкорен (спрема Австрија); Долга Вас, Кнежево, Горичан и Хоргош (спрема Унгарија); Ватин (спрема Романија); Вршка Чука, Градина, Делчево, Деве Баир и Ново Село (спрема Бугарија); Богородица и Мецитлија (спрема Грција); Кафасан, Врбница, Кафа Прушит и Рожај (спрема Албанија).

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение престануваат да важат:

1) Решението за установување гранични премини („Службен лист на ФНРЈ", бр. 38/52 и 48/53);

2) Решението за установување на граничниот премин Делчево-Благоевград („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/59);

3) Решението за установување на граничниот премин Подљубељ („Службен лист на СФРЈ", број 49/63);

4) Решението за установување граничен воздушен премин Љубљана-Брники („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63).

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 42
23 мај 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

237.

Врз основа на членот 8 став 1 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/65), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СЕЗОНСКИ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ЗА МЕЃУНАРОДЕН СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница се определуваат следните сезонски лучки (поморски) гранични премини за меѓународен сообраќај: Пиран, Изола, Пореч, Опатија, Раб, Биоград на море, Хвар, Будва и Улцињ.

2. Граничните премини од точката 1 на ова решение се определуваат за преминување на државната граница само од 1 јуни до 31 октомври 1966 година.

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 43
23 мај 1966 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 13 од Основниот закон за филмот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 11/65), сојузниот секретар за образование и култура донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СОЈУЗНАТА КОМИСИЈА ЗА ПРЕГЛЕД НА ФИЛМОВИ

1. Се разрешуваат од функцијата претседател и членови на Сојузната комисија за преглед на филмови поради истекот на мандатот претседателот и членовите на таа комисија, именувани со Решението за разрешување и назначување претседател и членови на Сојузната комисија за преглед на филмови („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/64) и со Решението за разрешување и именување членови на Сојузната комисија за преглед на филмови („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/65), и тоа:

претседателот:

1) Вукашин Миќуновиќ,

членовите:

2) Александар Бакочевиќ,
3) Мирослав Беловиќ,
4) Живан Берисављевиќ,
5) Ото Денеш,
6) Арсен Диклиќ,
7) Фрида Филиповиќ,
8) Власта Гавриќ,
9) Драгољуб Илиќ-Ера,
10) Милија Коматина,
11) Дејан Косановиќ,
12) Милосав Мирковиќ,
13) Косара Павловиќ,
14) Владета Петриќ,
15) Зоран Петровиќ,
16) Вицко Распор,
17) Гојко Секуловски,
18) Федор Шкубоња,
19) Миленко Штрбац,
20) Драгољуб Васовиќ,
21) Драго Вучиниќ,
22) Михајло Вујовиќ,
23) Миленко Зрелец

2. Се разрешува од функцијата член на Сојузната комисија за преглед на филмови Душан Поповски, именуван со Решението за разрешување и именување членови на Сојузната комисија за преглед на филмови („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/65), поради заминување на нова должност во Белград.

3. Во Сојузната комисија за преглед на филмови се именуваат, и тоа:

за претседател:

1) Киро Хаџи Василев, директор на Високата школа за политички науки во Белград;

за членови:

2) Исак Амар, генерален секретар на Културно-просветниот совет на Југославија;

3) Родољуб Андриќ, самостоен советник во Сојузниот секретаријат за внатрешни работи;

4) Сретен Асановиќ, политички работник во Комисијата на Извршниот одбор на Сојузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија за политичка и идејно-воспитна работа;

5) Војислав Бјењаш, филмски режисер;

6) Цвета Чаловска, самостоен советник во Сојузниот секретаријат за образование и култура;

7) Оскар Давичо, книжевник;

8) Предраг Делибашиќ, доцент на Академијата за театар, филм, радио и телевизија во Белград;

9) Родољуб Јемуовиќ, потсекретар во Сојузниот секретаријат за образование и култура;

10) Иван Лалиќ, книжевник;

11) Саша Микиќ, член на Претседателството и Секретаријатот на Централниот комитет на Сојузот на младината на Југославија;

12) Драган Миљковиќ, помошник сојузен секретар за финансии;

13) Светолик Митиќ, уредник на Радио-телевизија Белград;

14) Велимир Недиќ, советник во Главната централа на Народната банка на Југославија;

15) Светозар Павловиќ, филмски режисер;

16) Александар Петровиќ, филмски режисер;

17) Бранко Прњат, публицист;

18) Љубомир Радичевиќ, помошник главен уредник на Културно-уметничката редакција на Телевизија Белград;

19) Станое Станоевиќ, директор на „Београдфилм";

20) Загорка Стоиловиќ, помошник секретар за култура на Социјалистичка Република Србија;

21) Слободан Шакота, помошник сојузен секретар за внатрешни работи;

22) Крста Шканата, филмски режисер;

23) Вид Штемпихар, секретар на Комисијата на Извршниот одбор на Сојузниот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија за политичка и идејно-воспитна работа;

24) Таип Таипи, стручен соработник во Сојузното јавно обвинителство.

Бр. 022-7/8-66-9
21 мај 1966 година
Белград

Сојузен секретар
за образование
и култура,
Јанез Випотвик, с. р.

ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ

СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

„Службени лист на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина" во бројот 45 од 28 декември 1965 година објавува:

Закон за водите;

Закон за височината на придонесот за води за 1966 година;

Закон за данокот на промет на недвижности и права;

Закон за Републичкиот општествен фонд за образование;

Закон за највисоката граница на стопата на вонредниот придонес за здравствено осигурување;

Закон за највисоката граница на стопата на вонредниот придонес за основно здравствено осигурување на земјоделците за 1965 година;

Закон за плаќањето на придонесот за социјално осигурување за определени категории осигурени лица;

Закон за определување на гранките, групите односно подгрупите на дејности во кои може да се определи додатен придонес за здравствено осигурување;

Закон за измена на Законот за воведување републички придонеси и даноци;

Закон за измени и дополненија на Законот за придонесите и даноците на граѓаните;

Закон за дополнение на Законот за воведување додатен данок на промет на стоки на мало;

Закон за престанок на работата на Републичкиот фонд за станбена изградба;

Одлука за привременото финансирање на потребите на СР БиХ за раздобјето јануари-март 1965 година;

Одлука за задолжување на СР БиХ кај Стопанската банка на СР БиХ за делот во финансирањето на изградбата на пругата Сараево—Плоче;

Одлука за користење средствата на додатниот данок на промет на стоки на мало во 1965 година;

Одлука за давање согласност на Одлуката за стопата на придонесот за додатокот на деца за 1966 година;

Одлука за давање согласност на Одлуката за стопите на додатниот придонес за стажот на осигурениците со зголемено траење за 1966 година;

Одлука за давање согласност на Одлуката за стопата на основниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување во раздобјето од 1966 до 1970 година;

Одлука за давање согласност на Одлуката за стопите на додатниот придонес за инвалидско осигурување за 1966 година;

Наредба за дополнение на Наредбата за определување краиштата што се сметаат отсечени од редовниот сообраќај зиме;

Одлука за стопите на додатниот придонес за инвалидско осигурување за 1966 година;

Одлука за стопата на основниот придонес за инвалидско и пензиско осигурување за раздобјето 1966-1970 година;

Одлука за стопите на додатниот придонес за стажот на осигурување со зголемено траење за 1966 година;

Одлука за утврдување половината на членовите на Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на земјоделците на кои им престанува мандатот и за избирање на половина нови членови што ги избираат собранијата на комуналните заедници на социјалното осигурување на земјоделците;

Одлука за гранките, групите односно подгрупите на дејности во кои може да се воведе додатен придонес за инвалидско осигурување;

Одлука за стопата на придонесот за додаток на деца за 1966 година;

Одлука за ризиците што задолжително се реосигуруваат, за условите под кои се признава дека настапил случај што дава право на надоместок од реосигурување и за височината на надоместокот за реосигурените ризици во 1966 година;

Одлука за тарифата на премиите за реосигурување во 1966 година;

Финансиски план на Фондот на задолжителното здравствено реосигурување на земјоделците за 1966 година;

Одлука за височината на придонесот за здравствено осигурување на членовите на потесното семејство на југословенските државјани што во странство стапиле во работен однос;

Финансиски план на Фондот за додаток на деца за 1966 година;

Финансиски план на Фондот на задолжителното здравствено реосигурување за 1966 година;

Финансиски план на Фондот на инвалидското и пензиското осигурување за 1966 година;

Одлука за пресметување и плаќање на придонесот за здравствена заштита на уживателите на пензии и инвалиднини во 1966 година;

Одлука за тарифата на премиите за задолжително здравствено реосигурување во 1966 година,

Одлука за ризиците што задолжително се реосигуруваат, за условите под кои се признава дека настапил случај што дава право на надоместок од реосигурување и за височината на надоместокот за реосигурените ризици во 1966 година;

Одлука за надоместоците што им припаѓаат на комуналните заедници на социјалното осигурување на работниците на име подмирување трошоци за професионална рехабилитација и запослување на инвалиди на трудот од фондот на инвалидското и пензиското осигурување за 1966 година;

Одлука за пресметување и плаќање на придонесот за социјално осигурување и за додаток на деца на куќните помошници во 1966 година;

Одлука за пресметување и плаќање на придонесот за социјално осигурување и за додаток на деца на настојниците на згради;

Одлука за пренесување на средствата наменети за унапредување заштитата на осигурениците во сигурносната резерва на инвалидското и пензиското осигурување;

Одлука за процентите за издвојување средства за сигурносната и валоризационата резерва на Фондот на инвалидското и пензиското осигурување во 1966 година;

Одлука за стопите односно износите на придонесот за социјално осигурување за одделни категории осигурени лица во 1966 година;

Одлука за придонесот за здравствено и инвалидско осигурување за лица во работен однос осигурени само за случај на несреќа при работата и заболување од професионални болести;

Одлука за употреба на средствата на резервата на фондот на здравственото реосигурување од 1962 година за покривање непокриените кусоци настанати во работењето на околиските заводи за социјално осигурување до крајот на 1961 година;

Одлука за покривање на непокриените кусоци настанати во работењето на фондовите на Републичкиот завод за социјално осигурување во 1958, 1959 и 1962 година;

Одлука за употреба на средствата од придонесите остварени по дополнителна општа стопа од 2% од 1962 година за делумно покривање на непокриените кусоци на околиските заводи настанати во работењето до крајот на 1961 година.

Во бројот 46 од 31 декември 1965 година објавува:

Одлука за потврда на Статутот на Републичкиот фонд за унапредување на библиотекарството;

Одлука за потврда на Статутот на Републичкиот фонд за унапредување на кинематографијата;

Одлука за потврда на Статутот на Републичкиот фонд за унапредување на издавачката дејност;

Одлука за потврда на Статутот на Републичкиот фонд за унапредување на културните дејности;

Одлука за потврда на Статутот на Републичкиот фонд за патишта;

Одлука за потврда на Статутот на Републичкиот фонд за води;

Одлука за изборот на судии и судии-поротници на Вишиот стопански суд во Сараево;

Решение за разрешување советник на Извршниот совет;

Правилник за измени и дополненија на Правилникот за учителскиот дипломски испит;

Правилник за распределба во фондови на остатокот на доходот на стопанските единици на казнено-поправителните установи;

Упатство за начинот на следење на трошоците на здравственото осигурување, водењето на задолжителните евиденции и техниката на пресметување на стопата на додатниот придонес;

Решение за основање услужна единица за станбените згради на републичките органи „Погон";

Одлука за должностите и овластувањата на органите на ревизиono-инструкторската служба на Републичкиот завод за социјално осигурување;

Исправка на Одлуката за процентите на издвојување средства за сигурносна и валоризациона резерва на Фондот на инвалидското и пензиското осигурување;

Одлука на Уставниот суд на БиХ за поништување на одредбата во Статутот на Учителското училиште во Мостар и на Одлуката на училиштето за плаќање на трошоците од страна на учениците кои повторуваат клас.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Социјалистичка Република Македонија во бројот 31 од 25 август 1965 година објавува:

Закон за основното училиште (Пречистен текст);

Закон за гимназијата (Пречистен текст).

Во бројот 32 од 31 август 1965 година објавува:

Решение за разрешување и именување членови на филмскиот совет на Претпријатието за производство на филмови „Вардар-филм" во Скопје;

Решение за разрешување и именување членови на Советот за избор на филмови на Претпријатието за промет на филмови „Македонија-филм" во Скопје;

Решение за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за унапредување на културните дејности;

Решение за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за унапредување на издавачката дејност;

Решение за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за истражувачки работи во рударството;

Решение за определување бројот на членовите и за именување членови на Советот на Претпријатието во основање Рудници и железарници „Скопје" во Скопје;

Решение за именување на советник во Извршниот совет.

Во бројот 33 од 15 септември 1965 година објавува:

Објава за дополнителен избор во Изборната единица Прилеп III за пратеник во Републичкиот собор на Собранието на СРМ.

Во бројот 34 од 28 септември 1965 година објавува:

Уредба за условите и начинот на користење на патничките автомобили во општествена сопственост за службени потреби на републичките државни органи;

Уредба за образување Совет за идеолошки прашања на Извршниот совет

СОДРЖИНА:

Страна

234. Уредба за дополнение на Уредбата за начинот за формирање на цените и за пресметување на разликата во цените 377
235. Одлука за условите за користење на средствата на федерацијата за финансирање работите на изградбата на делницата од автопатот „Братство-единство" на територијата на Социјалистичка Република Србија — — — — — 377
236. Решение за определување постојани гранични премини на меѓународен сообраќај — — — — — — — — — 377
237. Решение за определување сезонски гранични премини за меѓународен сообраќај — — — — — — — — 378

Издава Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Ѓурић. Улица Јована Ристиќа бр 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград